**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# Информација

за методолошките измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки

јули 2018

## 1. Вовед

Дирекцијата за статистика во изминатиот период во континуитет работи на остварување на стратешката определба за обезбедување квалитетни и конзистентни статистички податоци, целосно усогласени со меѓународните и европските статистички стандарди. Оттука, една од активностите коишто се извршуваат на редовна основа е и постојаното унапредување на методолошките основи на статистичките истражувања во надлежност на Народната банка. Потребата од измени на методолошките основи за изработка на монетарните податоци, поконкретно произлезе од:

- новообјавениот **Прирачник и упатство за монетарна и финансиска статистика** на Меѓународниот монетарен фонд – ММФ, од 2016 година (Monetary and Financial Statistics Manual and Compilation guide - International Monetary Fund, 2016); и
- спроведената **Техничка мисија на ММФ во Народната банка,** Дирекција за статистика, во 2015 година, од областа на монетарната и финансиска статистика.

Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) во текот на 2016 година воведе новини коишто се вклучени во новиот „Прирачник и упатство за монетарна и финансиска статистика". Оваа нова публикација ги комбинира и ги ажурира концептите, дефинициите и препораките и во едно ги спојува Прирачникот за монетарна и финансиска статистика (Monetary and Financial Statistics Manual - MFSM, IMF, 2000) и Упатството за изготвување монетарна и финансиска статистика (Compilation Guide - MFS Guide, IMF, 2008), опфаќајќи ги обемните методолошки и практични аспекти на процесот на компилација на монетарната и финансиската статистика. Во новиот прирачник е дадена широка рамка за прибирање и презентирање на овие статистики и опфаќа конкретни информации и препораки за класификација, секторизација, вреднување и евидентирање разни категории финансиски средства и обврски во една економија. Концептите, сметководствените принципи и другите методолошки препораки од овој нов прирачник се усогласени со оние од:

- Системот на национални сметки 2008 (System of National Accounts 2008 – 2008 SNA),
- Прирачникот за платен биланс и меѓународна инвестициска позиција, шестото издание (The sixth edition of the Balance of Payments and International Investment Position Manual – BPM6),
- Прирачникот за владина статистика од 2014 година (Government Finance Statistics Manual 2014 – GFSM 2014) и
- Прирачникот за финансиско производство, текови и состојби во Системот на националните сметки објавен од страна на Обединетите нации и Европската централна банка (Publication by the United Nations and the European Central Bank of the handbook on Financial Production, Flows and Stocks in the System of National Accounts).

„Прирачникот и упатството за МФС" промовира усогласување на концептите меѓу различните макроекономски бази на податоци и меѓусебна меѓународна споредливост на податоците. Со оглед на тоа дека главен извор на податоци за монетарната статистика е сметководствената евиденција на финансиските институции, новиот „Прирачник и упатство за МФС" ги објаснува и врските помеѓу монетарната и финансиската статистика и меѓународно прифатените сметководствени стандарди, особено Меѓународните стандарди за финансиско известување (International Financial Reporting Standards – IFRSs).

Исто така, дел од измените во методологијата за составување на извештаите од монетарната статистика произлегоа и од спроведувањето на препораките од Техничката мисија на ММФ од 2015 година и во најголем дел се засноваат врз препораките од новиот „Прирачник и упатство за МФС". Притоа, методолошките измени зависат од видот на препораките и во основа се поврзани со промената на начинот на прикажување на одредени категории (бруто или нето-основа), промени во класификацијата на

финансиските инструменти, поставување нови дефиниции за одредени показатели и сл. Промените во монетарната статистика наметнаа потреба и од соодветни усогласувања во статистиката на каматните стапки и статистиката на останатите финансиски институции (ОФИ). Притоа, заради обезбедување конзистентност на податоците, промените во методолошките основи се спроведени едновремено кај трите статистики, а нови временски серии податоци се изработија согласно со должината на расположливите временски серии кај одделните статистики и расположливите податоци.

## 2. Позначајни методолошки промени

### 2.1. Промени во класифицирањето на финансиските инструменти;

**а. Прекласифицирање на финансиските инструменти во денари индексирани во странска валута, од финансиски инструменти во домашна валута во финансиски инструменти во странска валута.**

**Тековно применета методологија:** Во „Прирачникот за монетарна и финансиска статистика“ и „Упатството за изготвување монетарна и финансиска статистика“, валутата на порамнување на инструментот е клучен фактор за поделбата на финансиските средства/обврски по валути (во домашна или во странска валута). Затоа, финансиските инструменти во домашна валута со валутна клаузула беа прикажани како инструменти во домашна валута.

**Нова методолошка препорака:** Шестото издание на „Прирачникот за платен биланс и меѓународна инвестициска позиција“ препорачува финансиските инструменти во домашна валута индексирани во странска валута да се прикажуваат заедно со финансиските инструменти во странска валута. Овој пристап е прифатен и применет и во новиот „Прирачник и упатство за МФС“. Оттука и препораката на Техничката мисија на ММФ за прекласификација на финансиските инструменти во денари со валутна клаузула од финансиски инструменти во денари во финансиски инструменти во странска валута.

За спроведувањето на оваа препорака се направија промени во податоците од монетарната статистика, но и соодветни усогласувања на податоците во статистиката на ОФИ и статистиката на каматните стапки.

**б. Резервациите за загуби на финансиските средства се прекласифицираат од категоријата „акции и останат сопственички капитал – општа и посебна резерва“ во категоријата „останати расходни сметки – резервации за загуби“.**

**Тековно применета методологија:** Генерално правило во монетарната статистика е финансиските инструменти да се прикажуваат на бруто-основа, без пресметани резервации за загуби на средствата. Притоа, промените во вредноста на финансиските средства што се наметнуваат исклучиво за исполнување на регулаторните, надзорните или сметководствените барања не се евидентираат во рамки на самото финансиско средство. Според досегашното прикажување на монетарните податоци, резервациите за загуби на средства беа вклучени во категоријата „акции и останат сопственички капитал – општа и посебна резерва“ што ги задоволуваше само барањата на рамката за финансиска статистика СНА 2008, но отстапува од новите препораки за монетарна статистика.

**Нова методолошка препорака:** Во монетарната статистика согласно со новиот „Прирачник и упатство за МФС“, резервациите за загуби на средства, коишто претставуваат интерни пресметки на известувачите на податоци, се третираат како обврски коишто се прикажуваат во рамки на категоријата „останати

расходни сметки – останато – резервации за загуби". За спроведување на оваа препорака е направено соодветно прекласифицирање на износите на резервации за загуби на средства во наведената категорија.

Во новиот сет податоци, оваа препорака има одраз на податоците од монетарната статистика и статистиката на ОФИ. Со примена на овој пристап, се приближуваат методолошките дефиниции на капиталните сметки на ОДИ во монетарната и супервизорската статистика.

## 2.2. Промена кај паричната маса и нејзините компоненти (монетарните агрегати)

**Тековно применета методологија:** Според методолошките препораки на ММФ во билансите на централната банка и ОДИ, поделбата на финансиските инструменти на страната на обврските се врши врз основа на нивната вклученост во монетарните агрегати („вклучени во" или „исклучени од" монетарни агрегати), а во согласност со националната дефиниција на паричната маса. Согласно со тековната методологија, монетарниот агрегат М4, како национална дефиниција на паричната маса, претставува основа за поделбата на финансиските инструменти во категориите „вклучени во" или „исклучени од" паричната маса, на страна на обврските во „Билансот на НБРМ" и „Билансот на останатите депозитни институции (ОДИ)".

Монетарни агрегати коишто досега ги пресметуваше НБРМ го имаат следниот опфат:

- М1 ги опфаќа готовите пари во оптек и депозитните пари. Притоа, депозитните пари се однесуваат на тековните сметки кај банките и штедилниците и тековните сметки на останатите финансиски институции кај НБРМ. Готовите пари во оптек претставуваат разлика помеѓу вкупниот износ на печатените и кованите пари и износот на готовите пари што се наоѓа во благајната на банките, во трезорот на НБРМ и во дисперзираните трезори.
- М2 (ликвидни средства) ги вклучува монетарниот агрегат М1 и краткорочните депозити. Краткорочните депозити се дефинирани како депозити во кои се опфатени: депозитите по видување, депозитите преку ноќ, орочените депозити до една година (во денари и во странска валута).
- М4 (вкупен депозитен потенцијал на монетарниот систем) ги вклучува монетарниот агрегат М2 и долгорочните депозити, т.е. депозитите орочени над една година (во денари и странска валута).

Притоа, во монетарните агрегати се вклучуваат депозитите на следниве сектори: останати финансиски институции, локална самоуправа, нефинансиски институции (јавни и останати), домаќинства (физички лица и самостојни вршители на дејност со личен труд) и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

**Нова методолошка препорака:** Иако новиот „Прирачник и упатство за МФС" не обезбедува прецизни препораки за национално дефинирање на паричната маса, сепак упатува на основните критериуми коишто треба да се земат предвид при формулирањето на стандардната (меѓународно споредлива) дефиниција за паричната маса, а тоа се:

(а) Финансиските инструменти треба да бидат доволно ликвидни. Како клучен критериум за определување на степенот на ликвидност на финансиските инструменти е рокот на нивното достасување. Притоа, оригиналниот рок на достасување од една до две години е прифатлив како горна граница на достасаноста.

(б) Обврските врз основа на финансиските инструменти треба да се кон секторите држатели на пари. Сектори држатели на пари се сите резидентни сектори, со исклучок на секторот „држава" и депозитните институции, односно:

- Останатите финансиски институции;
- Локалната власт;
- Нефинансиските институции; и
- Други резидентни сектори (домаќинствата и непрофитните институции коишто им служат на домаќинствата).

Новата методолошка препорака подразбира ревидирање на националната дефиниција за паричната маса и **воведување нов монетарен агрегат М3, дефиниран како монетарен агрегат М2 плус депозитите со достасаност од една до две години, со што ќе се усогласиме со дефиницијата за паричната маса во еврозоната**. Следствено, монетарниот агрегат М4 се дефинира како монетарен агрегат М3 плус долгорочните депозити со достасаност над две години. НБРМ заради аналитички цели и натаму ќе пресметува и ќе објавува монетарен агрегат М4, но монетарниот агрегат М3 ќе се користи како нова стандардна дефиниција за паричната маса.

Во новиот сет податоци, оваа препорака има одраз во монетарната статистика.

## 2.3. Останати методолошки промени во податоците

### 2.3.1. Промени на начинот на прикажување на одредени трансакции со ММФ во монетарната статистика

**а) Нето-прикажување на побарувањата/обврските на НБРМ по комисионото работење во име и за сметка на државата, за кредитните аранжмани со ММФ**

**Тековно применета методологија:** Кредитната линија за претпазливост (КЛП), склучена помеѓу Владата на Р. Македонија и ММФ, во монетарната статистика е прикажана на страната на средствата и обврските во категоријата „останати приходни/расходни сметки – сметки за порамнувања" (побарувања од централната влада во име и за сметка на ММФ/обврски кон централната влада поврзани со исплатата на кредитот – КЛП). Вклучувањето на овие две сметки за порамнување на бруто-основа во Билансот на НБРМ беше во согласност со сметководствениот систем на евиденција во НБРМ, за да се појасни дека обврската за отплата на кредитот КЛП е на Министерството за финансии на Република Македонија, а НБРМ има само улога на посредник којшто ги извршува работите во име и за сметка на Министерството. Притоа, вклучувањето на комисионото работење на НБРМ во нејзиниот биланс (за аранжманот КЛП), не придонесе за конзистентноста на податоците, од аспект на усогласеноста на податоците во монетарната со платнобилансната и владината статистика (каде што овие обврски се прикажани како обврски кон странство на секторот „држава"), но сепак доведе до преценување на вкупните средства/обврски и на побарувањата/обврските на НБРМ кон одредени сектори.

**Нова методолошка препорака:** Во новиот „Прирачник и упатство за МФС" се препорачува примена на институционален пристап наместо функционален пристап во опфатот на сметките во монетарната статистика, што значи дека само оние сметки коишто се поврзани со трансакциите/позициите во име и за сметка на НБРМ треба да се прикажат во монетарните податоци. Според ова, за потребите на монетарната статистика, во Билансот на НБРМ не треба да се вклучуваат комисионите сметки на кои е прикажан

аранжманот КЛП. За остварувањето на оваа препорака се премина кон нето-приказ на сметките за побарувања/обврски на НБРМ по комисионо работење во име и за сметка на државата.

Во новиот сет податоци, оваа препорака има одраз во монетарната статистика (Билансот на НБРМ), при што, разлики во податоците има само за периодот на траење на аранжманот КЛП, т.е. од март 2011 до јануари 2015 година.

### 6. Бруто-прикажување на трансакциите за запишаната квота на Република Македонија кај ММФ

**Тековно применета методологија:** Во монетарната статистика, во Билансот на НБРМ, трансакциите коишто се поврзани со „запишаната квота кај ММФ" се прикажуваат на нето-основа на страната на обврските, на следниов начин: побарувањето од ММФ за денарската компонента од запишаната квота се прикажува со негативен предзнак во категоријата „останати расходни сметки, други обврски на резидентите, во странска валута", а обврските кон ММФ за издадената меница, како и трансакциите на сметките на ММФ 1 и 2 се прикажуваат со позитивен предзнак во категоријата „трансферабилни депозити на нерезиденти во домашна валута, ММФ сметка 1 и сметки за хартии од вредност и ММФ сметка 2".

**Нова методолошка препорака:** Новиот „Прирачник и упатство за МФС" препорачува примена на бруто-принцип на евидентирање на трансакциите со ММФ во билансот на централната банка, во услови кога централната банка е депозитарен и фискален агент на финансиските односи на земјата со ММФ и е институција одговорна за трансакциите со ММФ. За спроведувањето на оваа препорака, во Билансот на НБРМ, трансакциите поврзани со „запишаната квота кај ММФ" ќе се прикажуваат со примена на бруто-принципот, и тоа: на страната на средствата во категоријата „останати приходни сметки, останати побарувања на нерезиденти, квота кај ММФ, во странска валута" ќе се прикажуваат побарувањата од ММФ за запишаната квота, а на страната на обврските во рамките на „трансферабилните депозити на нерезиденти во денари, ММФ сметка 1 и сметки за хартии од вредност и ММФ сметка 2" ќе се прикажуваат обврските врз основа на издадената меница.

Во новиот сет податоци, оваа препорака има одраз во монетарната статистика (Билансот на НБРМ).

## 2.3.2. Дополнителни ревизии на временските серии

Во рамки на монетарната статистика се направени и дополнителни ревизии на временските серии коишто придонесуваат за подобрување на статистичкиот опфат на податоците. Ревизиите главно се однесуваат на подобрување на секторската распределба на податоците и подобрување на опфатот на финансиските инструменти (во однос на валутната распределба, рочната структура и вреднувањето, односно пресметаната камата и сомнителните и спорни побарувања).

## 3. План на објавување на податоците согласно со новата методологија

Новите сетови податоци ќе се објават на интернет-страницата на НБРМ во текот на јули и август 2018 година, во согласност со Календарот на објавување на податоците. Напомнуваме дека разликите во должината на објавените временски серии кај одделните статистики е условена од расположливите временски серии кај одделните статистики и расположливите извори на податоци.

Поконкретно, времето на објавување и должината на временските серии, по одделни видови статистики е следново:

- Податоците од монетарната статистика ќе бидат објавени на 20 јули 2018 година, со податоците за јуни 2018 година, кога ќе се објави и ревидирана временска серија за периодот од јануари 2009 година до мај 2018 година;

- Податоците од статистиката на каматните стапки ќе бидат објавени на 31 јули 2018 година, со податоците за јуни 2018 година, кога ќе се објави и ревидирана временска серија за период од јануари 2015 година до мај 2018 година. Воедно, ќе се објави и ревидирана временска серија на податоците за вкупните каматни стапки и каматните стапки за новодоговорените активности, за период од 2005 година па наваму;

- Податоците од статистиката за ОФИ, ќе бидат објавени на 31 август 2018 година со податоците за вториот квартал од 2018 година, заедно со ревизијата на податоците за првиот квартал од 2018 година. Со оглед дека не постои можност да се направи ревизија на временските серии податоци наназад, тие ќе останат исти, што значи дека, поради методолошки измени, ќе имаме прекин во временската серија податоци. Овој прекин во серијата соодветно ќе биде означен со фуснота.

- Прегледот на финансиските институции (квартални податоци за средствата и обврските на финансиските институции), ќе биде објавен на 31 август 2018 година со податоци за вториот квартал од 2018 година, кога ќе се објави и ревидирана временската серија за депозитните институции почнувајќи од првиот квартал 2012 година. Бидејќи нема да се ревидира временската серија на податоците за останатите финансиски институции, и кај оваа серија податоци ќе има прекин во серијата, којшто соодветно ќе биде означен со фуснота.

За соодветна комуникација со корисниците на податоци, на интернет-страницата на НБРМ ќе се објават и ажурирани методолошки објаснувања.